# 31. ЈА ИЗЛЕЗИЃУРЃО




1. Ја излези Ѓурѓо, ја излези сестро,
ја излези Ѓурѓо на пенџере.
А ја излези Ѓурѓо на пенџере.
Да ги видиш Ѓурѓо да ги видиш сестро,
да ги видиш Ѓурѓо комитите,
а да ги видиш Ѓурѓо комитите.

2. Како одат Ѓурѓо, како одат сестро,
како одат Ѓурѓо ред по редум.
А ред по редум Ѓурѓо девет реда.
Најнапред оди Ѓурѓо, најнапред оди сестро,
најнапред оди Ѓурѓо, бајрактарот.
А бајрактарот Ѓурѓо Јордан Пиперка.

3. Право одат Ѓурѓо, право тргат сестро
право одат сестро за Прибилци.
А за Прибилци Ѓурѓо кај мудурот
да ја платат Ѓурѓо да ја платат сестро
да ја платат Ѓурѓо вер'сијата.
А вер'сијата Ѓурѓо тригодишна.